# е-книга vs. книга

е-книга претставува нов формат на една класична книга.

Според основната дефиниција е-книгата (или електронска книга, дигитална книга) претставува публикација што содржи текст и/или слики во дигитална форма, што се објавува и чита на компјутери и други дигитални уреди.

- .txt .pdf и .doc документите нема да ги сметаме за класичен е-книга формат. Македоника има развиено сопствен формат на книги што е многу понапреден од наброените.
- Креирањето е-книга претставува процес и бара посебен вид уредување на текстот.

## ★ Предности на е-книга

- Пристапот до секоја е-книга се мери во мили-секунди, а не во часови и денови.
- Не може да се случи ”распродаден тираж”.
- Не може никој да ви го побара омилениот наслов на заем и никогаш да не го врати :)
- Не треба да ”висите” во големите книжарници со часови, да ѕиркате во секоја книга и да го прашувате продавачот за што се работи. Пред да се симне која било е-книга, може да прочитате краток опис за истата.
- Не може да ви се искине страница.
- Не може да ја полиете со кафе.
- Не може да ја изгубите.
- Кога одите на одмор или на пат може да носите неограничен број омилени е-книги под мишка :)
- Може да подвлекувате колку што сакате без да ја уништите е-книгата.
- е-книгите можат да содржат аудио записи, видео содржини, како и линкови до други веб-артикли.
- Ако ви се ситни буквите може да ги зголемите.
- Ако не ви се допаѓа фонтот, може да го смените.
- За да читате ноќе не ви се потребни ламба и очила. Доволно е таблетот или лаптопот да го префрлите во ”ноќен” мод.
- Не се плаќа поштарина и не се чека неколку дена за да стигне на домашна адреса.
- Може да ја пребарате целата книга по одреден збор или цела фраза.
- Ако ви го украдат или го изгубите компјутерот или таблетот, не очајувајте, сите ваши книги се на сигурно место.
- Не ви е потребно посебно парче мебел и еден квадрат од домот каде што ќе бидат подредени стотина прашинозбирачи.

- Нема потреба да се исече пола шума за да се издадат собраните дела од Славко Јаневски. Денес класичните книги се нарекуваат DTB (Dead-Tree-Book).
- Во секој дом постојат книги што не ви се омилени или едноставно не ги сакате. Зафаќаат место, ви го фаќаат погледот и немате срце да ги фрлите во ѓубре. Со е-книгите е лесно - стискате копче и Пуф!
- Вашите омилени книги се секогаш со вас.
- Ниедна е-библиотека не може да изгори како александриската.
- Во ниедна книжарница нема бесплатни книги - освен во Македоника.

## ★ Лошите страни на е-книга

- Потребно е одвреме-навреме да погледнувате дали имате доволно батерија. Ова е сè помалку фрустрирачки затоа што на новите уреди може да читате и по десетина часа дневно, што е многу дури и за пасионираните читачи.
- Хартиените изданија со врвни фотографии и колорит се незаменливи (барем ќе бидат уште некое време).
- Потребни се одредени средства да се купи таблетот, кој освен за читање може да се користи и за многу други активности.
- е-книгата не може да се подари како секоја старомодна книга со посвета на третата страница.
- Чувството е (сè уште) посилно кога книгата е на полица наспроти е-книгата што е на некој виртуелен сервер во некоја далечна земја.
- Книгата е предмет, има корица, различна хартија, можеш да ја држиш, да ја мирисаш...
- Книгата не може да закачи вирус.
- ”Старите” е-книги не можеш да ги донираш на селска библиотека, училиште или болница.